# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛЕКОВИТЕ И МЕДИЦИНСКИТЕ ПОМАГАЛА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.88 од 02.07.2010 година**

**Член 1**

Во Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија” број 106/2007), во членот 7 став 1 алинеја 2 по зборовите: „Комисија за" се додаваат зборовите: „хербални лекови".

**Член 2**

Во членот 30 став 1 зборот „осум" се заменува со зборот „пет”.

**Член 3**

Во членот 43 став 1 по зборовите: „регистрација на” се додаваат зборовите: „хербални лекови и на".
Во ставот 2 по зборовите: „регистрација за” се додаваат зборовите: „хербални лекови и за”.

**Член 4**

Во членот 44 по зборовите: „регистрација на” се додаваат зборовите: „хербален лек и на”.
Во алинејата 3 зборовите: „традиционалниот хербален лек" се бришат.

**Член 5**

По членот 44 се додава нов член 44-а, кој гласи:

**„Член 44-а**

Одобрението за регистрација на хербални лекови и на традиционални хербални лекови се издава на неопределено време.”

**Член 6**

По членот 45 се додава нов член 45-а, кој гласи:

**„Член 45-а**

Одобрението за регистрација на хомеопатски лекови се издава на неопределено време.”

**Член 7**

Во членот 82 став 1 алинејата 2 се менува и гласи:
„- да има вработено соодветен број на лица со високо образование од областа на фармацијата (постојано присутно во аптеката) и со средно образование од областа на фармацијата,”.

**Член 8**

Во членот 108 ставовите 6, 7, 8 и 9 се бришат.
Ставовите 10 и 11 стануваат ставови 6 и 7. По ставот 12 кој станува став 8 се додава нов став 9, кој гласи:
„Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите, на предлог на министерот за здравство ја донесува Владата на Република Македонија.”

**Член 9**

Во членот 131 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:
„Содржината на образецот на барањето и потребната документација која треба да се достави за запишување на медицинските помагала во Регистарот на медицински помагала во Република Македонија ја пропишува министерот за здравство.”

**Член 10**

Во членот 162 ставот 2 се брише.

**Член 11**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 12**

До денот на влегувањето во сила на подзаконскиот акт од членот 8 на овој закон, формирањето на цените на лековите ќе се врши на начин утврден пред влегувањето во сила на овој подзаконски акт.

**Член 13**

Најдоцна до 2017 година правното лице кое врши промет на мало со лекови е должно да обезбеди најмалку по едно лице со високо образование од областа на фармацијата кое ќе биде постојано присутно во смена во аптеката.

**Член 14**

Одобренијата издадени согласно со членот 30 став 1 од Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија” број 106/2007) ќе важат до рокот за којшто се издадени.

**Член 15**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".